ВИСТИНСКА ЖИВОТНА СТОРИЈА ЗА ДЕЗМОНД ДОС ВРЗ ОСНОВА НА КОЈА Е СНИМЕН ФИЛМ

ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ЈУНАЦИ
КОЈ НЕ ИСПУКАЛ НИТУ ЕДЕН КУРШУМ

+

# ГРЕБЕНОТ НА СПАСЕНИТЕ

## (HACKSAW RIDGE)

БУТОН ХЕРНДОН

ГРЕБЕНОТ НА СПАСЕНИТЕ
Бутон Херндон

Наслов на оригиналот:
HERO OF HACKSAW RIDGE
by Booton Herndon

Hero of Hacksaw Ridge
by Booton Herndon
Copyright © 2016
Desmond Doss Council
Georgia Cumberland Conference Association
of Seventh-day Adventists

Macedonian edition © 2017
Vlae br. 42
1000 Skopje

Превод и јазична редакција:
Мелита Томовска

За издавачот:
Михајло Гурев

Издава:
АИК „Знаци на времето“, Скопје

Печати: Аркус дизајн

ВИСТИНСКА ЖИВОТНА СТОРИЈА ЗА ДЕЗМОНД ДОС ВРЗ ОСНОВА НА КОЈА Е СНИМЕН ФИЛМ

ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ЈУНАЦИ
КОЈ НЕ ИСПУКАЛ НИТУ ЕДЕН КУРШУМ

# ГРЕБЕНОТ НА СПАСЕНИТЕ

## (HACKSAW RIDGE)

БУТОН ХЕРНДОН

# СОДРЖИНА


1. НАЈОСАМЕНИОТ ВОЈНИК ..... 7
2. „[...] ДА МОЖЕТЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ“ ..... 30
3. БИТКА! ..... 55
4. ЕДНА РАБОТНА САБОТА ..... 71
5. ПОСЛЕДНАТА ПАТРОЛА ..... 105
6. НАЈГОЛЕМА ПОЧЕСТ ..... 113

ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ ..... 131

## ПРВА ГЛАВА

# НАЈОСАМЕНИОТ ВОЈНИК

Се приближуваше времето да се огласат воените труби во знак на добредојде, и силна врева од разни звуци и метеж ја исполни долгата дрвена барака додека мажите, кои ја сочинуваа Четата Д, се подготвуваа за починка по заморниот и напорен ден. Прочуената стара дивизија од Првата светска војна, Седумдесет и седмата, повторно е активирана да служи во уште една војна, а обуката тукушто започнуваше. Знакот за распознавање на таа дивизија, Статуата на слободата, го навестуваше нејзиното седиште, а луѓето во нејзиниот состав беа типични претставници на мултикултуралниот и мултиетнички Њујорк Сити. Мнозина, според списоците, беа мобилизирани во текот на зимата и пролетта 1942, непосредно по нападот на Перл Харбор, па беа постари, пожилави и поцинични од обичните воени обврзници. Додека сега збунето се вртка низ дрвената барака во различни фази на соблекување — од зелени униформи до маслинавосивкаста долна облека — гласно и непристојно протестираа против сè и секого со силни, груби зборови на големиот град.

Сред тие викотници, младич со вита става и брановидна костенлива коса молкум си седеше на својот кревет, прекриен

со уредно затегнато кафеаво ќебе. Ако денот беше тежок за постарите и поцврсти мажи, за него претставуваше вистински кошмар. Се пријави доброволно во војска, ама како приговорувач на совеста, како неборец. Иако имаше силна желба да ѝ служи на својата земја, поседуваше писмено уверение од претседателот на Соединетите Американски Држави, Френклин Д. Рузвелт, по извршна наредба број 8606, како и од началникот на штабот на Врховната команда дека нема да мора да носи оружје. Природно беше да претпостави дека ќе го пратат на соодветна медицинска обука. Меѓутоа, го распоредија во пешадиска единица. Малку несмасен, со развлечен говор карактеристичен за жителите на јужните падини на Карпестите Планини, ниту изгледаше ниту, пак, звучеше како другите војници во бараката.

Не само поради осаменоста, туку и затоа што тоа беше составен и важен дел од неговото секојдневие, младиот војник ѝ се сврте кон својата Библија. Како и секогаш, во неа, во Божјата реч, пронаѓаше утеха и мир. Ја затвори книгата и спонтано, во согласност со навиката што ја развиваше со текот на годините, клекна на колена пред постелата за да упати молитва.

„Ej, погледнете го проповедников!“, извика некој надгласувајќи го џагорот. „Тој се моли!“

Низ бараката одекнаа извици полни со потсмев, подбив и неодобрување. Младиот војник продолжи да му се обраќа на Бога неподвижен, клечејќи на коленици.

Луѓето од велеградот, раздразнети и нервозни од денот исполнет со напнатост во ново опкружување, беа подготвени да ја истурат сета своја лутина врз жртвено јагне, а токму сега пронајдоа такво. Тешка војничка цокула прелета над креветот и тресна на подот покрај побожниот млад регрут. Малку недостасуваше да го погоди. Потоа долета уште една, па уште една, секоја проследена со сè позајадливи приговори. Човекот

што клечеше, иако беше исплашен и збунет, не се помести од местото. Не сакаше да биде погоден, но, исто така, ниту да ја прекине, ниту да ја скрати молитвата. Тоа не беше момент да го навреди Господа!

Однадвор допре звукот на првите тонови на воените труби. Дежурниот наредник на бараката ја поддаде главата во долгата просторија и извика: „Ај, момци, потивко таму!“

Се изгасна светлото. Бараката стивна. Младиот војник, завршувајќи со молитвите, се вовлече под прекривката. Додека јасните, жалбени ноти на трубите стануваа сè потивки во пролетната ноќ, тој тивко си лежеше на тврдиот тесен кревет, а во очите му заискрија солзи од осаменост и болка.

Така заврши првиот ден на регрутот Дезмонд Т. Дос во Седумдесет и седмата пешадиска дивизија.

Деновите што непосредно следеа не се покажаа ни малку подобри од првиот. Во бараката навечер продолжуваше потсмевањето. Иако сега чекаше светлата да се изгаснат пред да клекне да се помоли, и понатаму во мракот во негова насока беше фрлана по некоја цокула. Најтешко од сè му паѓаше што забележуваше дека насекаде околу него се крши третата Божја заповед. Луѓето увидоа дека најмногу се навредува кога ќе го наречеа Светиот Исус. Еден закоравен алкохоличар со зарипнат глас, во своите триесетти, по име Каргер,[1] кој се чинеше како да мрази сè и секого, вклучувајќи ја и религијата, посебно се трудеше со тој груб глас да го исмева Дос. Дезмонд се згрчи. Никогаш во својот живот не чул никого со толкава бесрамност и дрскост залудно да го изговара Божјето име.

1 Сите имиња што се наведени во книгата се вистински освен три: Каргер, Стајнман и Кознер. Господин Дос бараше да се прикрие нивниот вистински идентитет за да се избегне нивно срамотење и доведување во непријатна ситуација по сиве овие години.

Очигледно беше дека Каргер ужива во постојаното излевање на неговиот подмолен хумор врз Дезмонд. „Кога ќе одиме во битка, Дос“, знаеше да каже, „ти нема да се вратиш жив. Јас лично ќе те застрелам.“ Потоа ќе прснеше да се смее.

Во текот на денот неборецот имаше друг проблем. Иако беше распореден во пешадија, не сакаше да прифати оружје. Залудно десетарот, задолжен за снабдување на војниците, и водникот, и поручникот кој командуваше со водот, и командирот на четата му наредуваа да ја земе пушката. Слабикавиот војник упорно одбиваше да го стори тоа. Наизменично му се заканувааа, му викаа, го преколнуваа и го убедуваа.

Дос ја почитуваше и ценеше позицијата на своите надредени и не сакаше никому да му создава неволји. Едноставно, така се однесуваше затоа што веќе примил заповед од Повисок авторитет.

За Дезмонд Дос верата претставуваше нешто непосредно и лично. Порасна во дом на христијани адвентисти. Сето свое формално образование го стекна во адвентистичката школа, која се состоеше од една просторија, и беше активен — целосно, длабоко и исклучително — во адвентистичката црква. Мајка му, учителите и црковните водачи го научија дека Светата Библија е Божја реч, па Дезмонд целосно ги прифати нејзините учења. Сметаше дека Десетте Божји заповеди не се само едноставни насоки за однесување кои треба да се следат тогаш кога тоа е изводливо. Тие за него претставуваа она што Светата книга тврди дека се: волјата на семоќниот Господ Бог. Дезмонд веруваше дека се однесуваат на него, на Дезмонд Томас Дос лично и персонално.

На ѕидот од дневната соба, во сега далечната дрвена куќика во Линчберг, Вирџинија, висеше врамен свиток кој сликовито ги прикажуваше Десетте заповеди. Уште додека беше момче, Дезмонд често го привлекуваше столчето до ѕидот и се

качуваше на него за да може одблизу да ја проучува сликата. Тие епизоди на проучување на религиската уметност се случуваа исклучиво во време кога родителите не беа дома. Постоеше семејна заповед која на децата стриктно им забранува да стојат врз столовите во дневната соба.

Секоја заповед беше илустрирана со цртеж. Дезмонд најмногу го окупираше шестата заповед: *Не убиј.* Илустрацијата ја доловуваше приказната за Каин и Авел. Авел лежеше на земјата и крвавеше, додека над него стоеше Каин – убиецот, со нож во раката.

Малиот Дезмонд се џареше во таа слика вџашено и фасцинирано. Како може човек да биде толку лош, па дури да го убие и својот роден брат? Дезмонд припаѓаше на топло и среќно семејство полно со љубов. Неговиот татко, Вилијам Томас Дос, беше столар, кој во текот на Дезмондовото детство обезбедуваше пристоен живот за сопругата и нивните три деца. Роден во февруари 1919 година, Дезмонд беше средното дете. Сестра му, Одри, беше четири години постара, а брат му, Харолд Едвард, две години помлад.

Во една пригода, се сеќава Дезмонд, кога Харолд заболел од редок вид грип и добил висока температура, членовите на семејството седеле покрај него цела ноќ. Бил во делириум и во таква агонија што во еден момент мајката паднала на колници покрај постелата за да се моли. Колку што се сеќаваше Дезмонд, ги повторила зборовите од Господовата молитвата „Нека биде Твојата волја“, а потоа продолжила: „И ако е тоа Твоја волја, о Господе, да го земеш Харолда, Те молам, стори го тоа веднаш. Те молам, дозволи да почива во мир и повеќе да не се мачи. Но, ако не е Твоја волја да го земеш, Те молам, поштеди го од оваа болка. Тоа Те молиме во Исусово име.“

Набргу по таа епизода, треската исчезнала, а болката и бунилото на Харолд се претвориле во длабок сон. Наредното ут-

ро, лекарот бил изненаден од неговото закрепнување. Госпоѓа Дос му раскажала како се молела. Докторот со разбирање кимнал со главата. „Сине“, му се обратил на Харолд, „Господ те зачува.“

Според мислењето на младиот Дезмонд, за браќата треба да се упатуваат молитви. Додека стоеше на столот во дневната соба и ја разгледуваше илустрацијата на Каиновото братоубиство, Дезмонд знаеше дека до крајот на животот ќе ја слуша шестата заповед, како и *сите* други.

Бејзболот беше најомилениот спорт во Линчберг во периодот додека растеше Дезмонд. Децата почнуваа да дофрлуваат топки таму-ваму уште на првиот сончев ден во рана пролет и продолжуваа со играта во текот на целото лето. Дезмонд уживаше во играта како и сите други сè до денот кога во својата осма година падна и ја пресече дланката од скршено шише. Острото назабено стакло му пресече неколку тетиви, продирајќи низ целата дланка.

Семејниот лекар го прегледа, ги провери млитавите прсти и тажно одмавна со главата. „Дезмонд, никогаш повеќе нема да бидеш во состојба да се служиш со оваа рака“, му рече тој.

Но, мајка му на Дезмонд не се откажуваше толку лесно. Кога зарасна пресеченото место, почна да му ја масира повредената рака на својот син и да му ги раздвижува прстите. Со нејзина помош и охрабрување, ја поврати способноста за движење. Сепак, лузната што се протегаше по целата дланка и понатаму му остана осетлива. Дезмонд веќе не можеше да учествува во ниеден спорт кој бараше користење на две здрави дланки.

На почетокот младиот Дезмонд беше очаен. Меѓутоа, како што се нижеа деновите еден по друг, откри дека постојат и други работи со кои може да се занимава едно смело момче полно со дух освен со спортските игри. Наместо само да се седи и

безволно да се влече низ дома, извршуваше повеќе домашни работи отколку што му следуваа. Мајка му сакаше цвеќиња, па работеше со неа од час во час, помагајќи ѝ и нејзе и на природата за да создадат нешто убаво. Имаа толку многу цвеќиња што почнаа да ги споделуваат со другите кои немаа таква можност. На почетокот цвеќињата им ги подаруваа на соседите, особено кога некој ќе се разболеше. Луѓето покажуваа толкава благодарност што Дезмонд почна да носи цвеќиња во болницата, па дури и во градскиот затвор. Да се сподели убавината, заклучи тој, тоа е многу подобро од самото одгледување.

Посетите не беа пријатни секогаш. Еден пациент — сиромашен човек во години, без ниту еден пријател или роднина на светот — умираше од некоја неизлечива болест. Не можеше да си дозволи нега од медицинска сестра, па Дезмонд доброволно се пријави да биде покрај него. Болката што ја трпеше сиромавиот старец беше толку силна што Дезмонд речиси и самиот можеше да ја почувствува. Не беше во состојба да го поднесе тоа и истрча од собата за да повика лекар.

„Ве молам, дајте му нешто против болки!“, преколнуваше момчето.

Лекарот го потапка по рамото. „Веќе му дадов голема доза. Не можам да му дадам повеќе од тоа.“

Ноќта, смртта го поштеди пациентот од натамошни страдања. Дезмонд си замина дома, но не можеше да спие. И понатаму ги слушаше криците и стенкањето предизвикани од тие големи маки. Меѓутоа, момчето не зажали што беше крај визглавјето на смртната постела на старецот. Стори колку што можеше, па пациентот не умре сам и без пријател.

Научи дека дури и во таква несреќна ситуација може да постои позитивно чувство на задоволство кое потекнува од сознанието дека човек дава сè од себе за да му помогне на својот ближен. Тоа само по себе претставуваше награда.

Но, понекогаш имаше и повеќе позитивни исходи. Една сабота, црковната служба беше прекината поради веста дека некоја жена, некогашна припадничка на верската заедница, има очајничка потреба од трансфузија на крв. Заедно со неколку други членови од црквата, Дезмонд побрза во болницата. Никој не го спомена фактот дека ниту таа жена ниту сопругот не ја посетувале црквата. Беа адвентисти, но дошло до некакво недоразбирање кога пред извесно време се преселиле во Линчберг. Мислеле дека не се добредојдени во црквата, па поради гордоста тие се држеле настрана.

Само Дезмондовата крв, и исклучиво неговата, беше соодветна за оваа болна жена. Тој тогаш беше слабичко момче тукушто навлезено во ран пубертет, но состојбата на пациентката беше критична, па тој без двоумење се понуди да ја даде својата крв. Откако заврши процедурата, се симна од креветот на којшто лежеше и веднаш се фати за закачалката за да не се ничкоса на подот.

Жената се спаси. Таа и нејзиниот маж го поканија Дезмонд да им дојде на гости. Прво му понудија да му платат, а кога одби, го прашаа дали можат да му дадат некаков подарок.

„Да, можете да ми подарите нешто“, им одговори момчето. „Дојдете в црква.“

И навистина дојдоа и станаа активни и посветени членови на верската заедница.

---

Со таква биографија, Дезмонд Дос се излеа во калапот на типичен воен болничар на војската на Соединетите Држави. Повисоките кругови на воениот естаблишмент во Вашингтон беа наполно свесни за постоењето на вакви луѓе каков што беше Дос, па утврдија официјална политика како да ги употребат. Четврт век порано, во Првата светска војна, добронамер-

ните приговорувачи на совеста биле малтретирани и затворани. Ги клоцале, ги тепале и им ги ставале главите во вецешколки. Во текот на војната, сто шеесет и двајца припадници само на Христијанската адвентистичка црква биле изведени пред воен суд поради верските убедувања, а кога завршила војната, триесет и петмина биле осудени на казна од пет до дваесет години тешка работа. Благодарение на неуморното вложување напори на верските водачи, како и на американската традиција за верска слобода, тие луѓе добиле целосно помилување на Денот на примирјето во 1918 година.[2]

Во периодот меѓу двете светски војни се зголемил интересот за прашањето на кој начин еден млад адвентист може да ѝ служи на својата земја, како што се бара од него тоа да го прави во Посланието до Римјаните 13,11[3] – а сепак да биде послушен на шестата заповед. Била развиена разработена програма околу која соработувале црковните водачи и воените служби за да им се овозможи на адвентистите да служат таму каде што најмногу им одговара, а тоа е медицинското одделение. Во 1934 година, адвентистите организирале Медицински кадетски корпус за обука на својата младина во време пред служење на воениот рок за да се стекнат со знаење за основите на воената медицинска служба. Неколку адвентистички колеџи и академии во Соединетите Држави и во други земји основале единици на МКК. Акцентот бил ставен на служење на нацијата во рамките на верските убедувања. Како признание за вредната служба којашто можат да ја извршуваат младичи-

2 Ден на примирјето (англ. *Armistice Day*) е назив за празник, односно ден на сеќавање според кој на 11 ноември во низа држави се одбележува завршувањето на Првата светска војна, попрецизно – примирјето кое на 11 ноември 1918 Германија го потпишала со силите на Антантата и на тој начин го довеле до крај непријателството на Западниот фронт.

3 „Секоја душа да им се потчинува на претпоставените власти, зашто нема власт што не е дадена од Бога, и оние што ги има се одредени од Бога.“

те кои сакаат да се стават на располагање на својата земја, но без одземање на човечки животи, Конгресот на Соединетите Американски Држави во предлог-нацртот на Воениот закон посебно внел одредба — сите оние што ќе поднесат приговор на совеста, да се доделат на медицинското одделение.

Дезмонд Дос беше сосем свесен за ваквата ситуација. Заедно со другите младичи од Линчберг се јави на поканата за регрутација, и така беше класификуван како И-А-О.[4] Ова „О“ означуваше „приговорувач на совеста“, па Дезмонд поднесе благ протест во регрутната комисија во врска со тоа.

„Јас не сум приговорувач на совеста“, рече тој. „Сакам да стапам во воената служба. Само не сум борец.“

„Не постои таква распределба“, му кажаа. „Вие сте распоредени во групата И-А-О и тука и ќе останете.“

Според официјалната процедура што ја разработиле црквата и оружените сили, адвентистите не се пријавувале доброволно за воена служба, туку требало да причекаат да им дојде редот за да бидат регрутирани. Додека чекаше, Дезмонд работеше на бродоградилиште, витална воена индустрија, и посетуваше курс за прва помош за да се подготви за службата откако ќе го прими повикот. Кога тоа не се случи, некој службеник од бродоградилишето го советуваше дека може да побара одложување врз основа на својата клучна улога за индустријата. Дезмонд одби воопшто и да го разгледа таквиот предлог.

„Мојата улога овде не е од суштинско значење, и вие тоа го знаете“, одговори.

---

4 За оваа американска кратенка не постои соодветна на македонски јазик. I-A-O или *Conscientious objectors eligible for military service in noncombatant role* значи *Приговорувачи на совеста кои исполнуваат услови за воена служба во улога на неборци.* (Заб. на прев.)

Многу пријатели на Дезмонд се пријавија. Неколку од нив беа класифицирани во класата 4-Ф, што значеше дека не се способни за воена служба. Имаше и такви кои си го одзедоа животот поради тоа што се разочараа и беа посрамотени што не се кадарни да ѝ служат на својата држава. Дезмонд од сето тоа беше длабоко потресен. И покрај преколнувањата на мајка му и негодувањето на татко му, тој очајнички сакаше да ја исполни својата патриотска должност, па затоа се пријави да оди во војска и стапи во милитантната служба на први април 1942 година, во кампот „Ли“во Вирџинија. Меѓутоа, наместо да го пратат да посетува основна обука при медицинското одделение, се најде во тукушто реактивираната Седумдесет и седма дивизија во Форт Џексон, Јужна Каролина. Луѓето требаше да ги обучуваат како единица. Во хаосот на тие први денови, Дезмонд Дос, регрут во класата И-А-О, заглави во пешадиска чета.

Во војска постои една изрека секогаш кога некој ќе се пожали на нешто, и таа гласи: „Оди и кажи му го тоа на капеланот“. Дос токму тоа и го стори. Капеланот, во овој случај капетанот Карл Стенли, срдечно го прими и ја сослуша неговата приказна. Капетанот Стенли имаше близок пријател кој беше проповедник во Христијанската адвентистичка црква, па оттаму беше добро запознаен со обичаите и верувањата на оваа навидум мала, но крајно активна протестантска деноминација. Знаеше дека овој војник е добронамерен приговорувач на совеста, и како таков, според законот, би требало да го распореди во медицинското одделение. Капетанот Стенли ја изнесе ситуацијата на Дезмонд на состанок во Штабот на дивизијата. Потоа Дезмонд беше префрлен во медицинското одделение во кое и припаѓа, и така ја започна својата обука за воен болничар.

Воената медицина претставува некој вид напредна прва помош што може да се примени на бојно поле. Дезмонд научи од што се состојат двата големи платнени комплета, како и нивната специфична употреба. Тука се наоѓаа борбени завои со различни големини, кои треба да се стават преку отворени рани. Имаше и пакетчиња со прашок сулфаниламид за посипување отворени рани пред да се применат завоите. Потоа, имаше и тубички со морфин и игли на врвот, што служеа за ублажување на болки. Дезмонд не научи само како се дава инјекција, туку, што беше уште поважно, кога се користи лекот а кога не. Кај одредени рани морфинот може да има фатално дејство.

Заедно со другите болничари-регрути откри како да користи сѐ што ќе му се најде при рака — млади гранки, кундаци од пушки — за да направи лонгети за скршеници. Научи како да дава инфузија со крвна плазма на бојно поле, што да преземе во случај на шок, кога треба да му даде вода на ранетиот а кога не. Тоа беше слично како повторно одење во училиште. Дезмонд се сети на малата школа покриена со кафеава шиндра со која управуваше црквата во Линчберг. Постоеше само еден учител за сите осум одделенија, но секое одделение имаше само по неколку деца. Затоа учителот работеше со секое одделение наизменично, според одреден распоред.

Дезмонд не можеше да продолжи со школувањето по осмо одделение. Настапи Големата депресија во текот на триесеттите години, па татко му тешко можеше да најде работа. Така Дезмонд мораше да се вклучи и да помогне во издржувањето на семејството. Најде работа во една стругарница каде што работеше груби, тешки работи педесет часа седмично за десет центи од час. Од тие пет долари даваше педесет центи десеток за црквата и три долари на мајка му. Трошеше педесет центи

за превоз, а од преостанатиот долар си купуваше облека за себе и сè што му требаше.

Иако редовното школување за него заврши, продолжи да оди во саботната школа. На ѕидот на тамошната просторија беше закачена голема слика на Галилејското Море. Секој ученик на неа можеше да стави налепница во облик на бротче за да го обележи своето присуство и дека дошол навреме, со научена библиска лекција и стих кој требаше да го има запомнето. Како дополнителен поттик, ако умееше да ги изрецитира наизуст сите стихови за помнење за трите изминати месеци, детето можеше да добие Библија. За секое тримесечје уредно доаѓање, наградата беше обележувач за книги. Кога беше мало момченце, Дезмонд пропушти еден час, а тоа ја поништи евиденцијата за уредно доаѓање во школата во текот на целото тримесечје. Оттогаш никогаш повеќе не пропушти ниту еден ден, ниту отиде на школо без да ја научи библиската лекција.

Еден ден целото семејството отиде во посета на некои роднини кои живееја надвор од градот и не се вратија до доцна во ноќта. Утредента беше сабота, а Дезмонд не ја имаше научено лекцијата. Иако беше толку изморен и поспан што едвај говореше, сепак остана буден и ја исполни својата задача. Тоа утро, исцрпен, се извлече од постелата и отиде во саботната школа. Вложи премногу часови подготвувајќи ги библиските лекции во текот на претходниот дел на годината, и без изостанок посетуваше премногу часови во саботната школа за да си дозволи поради еден пропуст да ги изгуби погодностите и наградата за беспрекорно однесување. Ги штитеше времето и учењето што ги вложи.

Така, совесното однесување спрема должностите за Дезмонд Дос стана начин на живот. Понекогаш, во Форт Џексон, на попладневната настава по жешкиот ден што следуваше по

напорната утринска фискултура и тешкиот пладневен оброк, со инструкторот кој монотоно зборуваше за начините на пречистување на водата или за мувите кои ги пренесуваат болестите, некои луѓе едноставно задремуваа. Но не и Дезмонд. Беше присутен, остануваше буден и слушаше. Таков живот водеше тој.

Оттаму, зар не е логично тој сериозен и внимателен воен болничар да ја заслужи должната почит и восхит од своите претпоставени, ако веќе не и од своите другари-регрути? Наместо тоа, офицерите го сметаа за чудак, иритантна личност која создава проблеми, а исто важеше и за претпоставените во седиштето на полкот.

Зошто му се нафрлија кога настојуваше да биде војник за пример, повеќе „совесен соработник“ отколку приговорувач, во сето она што не му го забрануваше неговата вероисповед?

Доживуваше напади од неколку страни. Превладуваа предрасудите кон приговорувачите на совеста и иако Дезмон неволно го признаваше тоа, сфати зошто се случува тоа. Во дивизијата имаше уште тројца други приговорувачи на совеста и на Дезмонд ниеден од нив воопшто не му се допадна. Тој копнееше да ѝ служи на својата земја на секаков друг начин освен со борба, но тие тројца младичи не сакаа да учествуваат во воениот живот на никаков начин, и тука беше ставена точка. Единствено на што се посветуваа беше да избегнат каква било задача, а еден од нив, кому забите му беа поцрнети од бурмут, беше крајно одбивен. Еден ден веќе не беа во дивизијата, и сите беа благодарни за тоа, но во меѓувреме Дезмонд го претпре срамот да биде ставен во ист кош со нив.

„Сите вие момци сте слични“, го обвини еден од наредниците. „Високопарно зборувате за верската слобода, но кога ѝ требате на вашата држава за да ѝ помогнете таа слобода да се брани, вие се преплашувате.“

„Грешите во тоа, нареднику“, возврати Дезмонд искрено. „Во мојата црква нѐ учат да бидеме послушни на авторитетот на власта, токму како што пишува во Библијата. Никогаш нема да ме видите да не салутирам пред знамето или да се обидувам да се издвојам од групата. Ја сакам оваа земја колку што ја сакате и вие.“

Понекогаш, кога пешадијата одеше на стрелиштето за да го помине денот во обука за пукање, со нив тргнуваше и Дезмонд. Но, се разбира, не учествуваше. Загреаните и напрегнати стрелци на линијата за пукање, кои испукуваа шаржер по шаржер сѐ додека не им зазвонеше во ушите и додека не ги здоболеа рамениците, ќе го здогледаа својот болничар како стои настрана и не прави ништо, па беше природно што го презираа.

Меѓутоа, главната причина за непопуларноста на Дезмонд беше неговото инсистирање да се почитува четвртата заповед.

„Помни го саботниот ден за да го празнуваш“, му рекол Господ на Мојсеја пред околу три и пол илјади години, а Дезмонд, како што се уверивме, беше послушен на Божјата реч онака како што ја разбрал. Тие зборови се однесуваа на целокупниот човечки род, а особено нему, на Дезмонд Дос. Никој — па дури ни командантот на баталјонот, на полкот, на дивизијата, па ниту претседателот на Соединетите Држави — не можеше да го натера Дезмонда Доса да ја прекрши заповедта што му ја дал Бог. Единствениот исклучок, кога е во прашање четвртата заповед, е оној што го изнел Божјиот Син, Исус Христос. На Дезмонд, неговата Библија му кажува дека Христос лекувал болни во сабота. Исто така, Дезмонд беше подготвен на Шабат да им помага на болните и, во борба, на ранетите.

Меѓутоа, тука, во Јужна Каролина, илјадници километри далеку од фронтот, болните ги носеа во болница, а воопшто и немаше ранети. Дезмонд не виде ниту една убедлива причина да не ја послуша четвртата заповед.

Она што животот го правеше особено тежок во Седумдесет и седмата дивизија беше фактот дека Дезмонд, христијанин адвентист, не ја почитува неделата, првиот ден во седмицата, туку саботата, која е седми ден. *Шест дена работи и врши ги во нив сите свои работи. А седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа.* Дезмонд ги знаеше тие зборови наизуст уште од времето кога ги научи за првпат.

Седумдесет и седмата дивизија, се разбира, како и сите други делови од оружените сили, ја сметаше неделата и како ден за одмор и како свет ден. Речиси сите активности во Форт Џексон практично се прекинуваа во сабота попладне, и не продолжуваа сè до понеделник наутро. Постоеше капела во гарнизонот, во која се одржуваше богослужение и за католиците и за протестантите. Секоја голема единица имаше свој сопствен капелан кој токму тука можеше да одржува служба. Маневрите обично се планираа за да завршат пред денот недела, но ако продолжуваа и за време на викендот, беше донесена одредба според која службата се одржуваше на терен.

Како оној што го почитува седмиот ден во војска која се држи за првиот ден, Дезмонд се најде во двоен расчекор. Прво, неговата вера му забрануваше да работи од заоѓање на сонцето во петок до заоѓање на сонцето во сабота, поради што беше нужно исклучуван од секоја операција во текот на тој период, и тоа секоја седмица. И, второ, мораше да обезбеди дозвола да оди во град за таму да присуствува на богослужение. Тие служби обично вклучуваа состаноци за младите во петок навечер и редовна црковна служба во сабота наутро.

Набрзо стана очигледно дека во случајот – војската на Соединетите Држави против војникот Дезмонд Т. Дос, а во врска со прашањето за Шабат – едната страна мора да се повлече, а притоа тоа нема да биде Дезмонд. Првата расправија во

врска со тоа се случи вториот ден во војската. Тој беше примен во петок. Во сабота наутро, наредникот нареди сите да почнат да го чистат подот на бараката поради саботната инспекција. Дезмонд одби да учествува. Ѝ пристапи на воската подготвен да ги извршува неопходните должности во сабота, онака како што веруваше дека тоа го правел Христос. Но, чистењето подови, според негово мислење, не спаѓаше под неопходност. Подот можеше да се исчисти кој било друг ден во текот на седмицата. Секако дека нема да го чисти следниот ден, во недела.

Наредникот го повика поручникот да дојде. Ни поручникот никаде не стигна во расправата со тврдоглавиот почитувач на саботата, па затоа гневно му рече да ја напушти бараката. Дос излезе, но наиде мајорот и му кажа да се врати внатре. Својот прв Шабат во војската го помина стутулен во аголот на бараката, додека другите во текот на работата смислуваа безобразни забелешки и му ги дофрлуваа од забава.

Сосем истото се повтори и кога ѝ се придружи на Седумдесет и седмата дивизија. Првиот петок побара совет од капеланот во врска со тоа да добие пропусница за да оди во колумбиската црква. Капеланот, капетан Стенли, истакна дека прописите забрануваат издавање каква било пропусница без оглед на причината во првите две седмици поминати во кампот.

„Уверен сум дека Бог за мене ќе најде начин да одам в црква“, му рече војникот Дос на капеланот.

Капеланот Стенли воздивна. Ги познаваше тие христијани адвентисти. „Ќе видам што можам да сторам во штабот на дивизијата“, возврати тој. Тоа попладне дозволата му беше одобрена.

До следната недела, Дезмонд беше префрлен од пешадиската единица во медицинскиот баталјон. Му се јави на коман-

дантот на баталјонот, мајорот Фред Стајнман,[5] за да побара дозвола да оди в црква во сабота. Најголемата грижа на мајорот беше да го обучува баталјонот. Му даде дозвола на Дезмонд, но кога Дос продолжи да доаѓа од седмица во седмица, командантот се изнервира. „Оваа е последна“, го предупреди еден петок. „Веќе не доаѓајте ни за една.“

Дезмонд знаеше дека мајорот тоа навистина и го мисли. Наредниот ден ги замоли луѓето во црквата да се молат за него, а следнот петок замоли да му дадат уште една пропусница. Мајорот жестоко се разгневи и му рече да излезе. Дезмонд повторно се обрати кај капетанот Стенли. Капеланот го изнесе тоа прашање пред штабот на дивизијата, и беше решено војникот адвентист да има свои неработни саботи, исто како што другите ги имаат своите недели. Дезмонд победи, освен што во војската не е многу мудро обичните војници да ги победуваат мајорите.

Но во стварноста, Дезмонд никогаш не беше послободен од кој било друг. Во замена за слободните саботи, извршуваше посебна должност во недела, и тоа во текот на целиот ден. Сепак, никој друг не беше во близина да го види тој ден, па затоа сите и понатаму се бунеа против саботната слобода. „Добиваш повеќе дозволи од генералот“, се жалеа тие.

Реакциите на пешадинците беа посебно огорчени. Тука беа тие разлики во говорот и навиките, Дезмондовото безделништво на стрелиштето, а сега и таа посебна привилегија. Веста за необичниот војник се прошири низ полкот. Еден ден Дезмонд налета на Каргер, на оној тежок, циничен постар човек од Четата Д, кој порано уживаше да го малтретира.

5 Псевдоним

„Мислиш дека си толку свет, Дос“, му рече Каргер изговарајќи низа пцости. „Па, кога ќе се најдеме во битка, ќе те застрелам како пес.“

Не е лесно да се живее со некој што ве мрази, особено тогаш кога вашата единствена мисија е да научите како да се грижите за истите тие луѓе. Тоа беше осаменички и мошне фрустирачки период за војникот Дос.

Во такви времиња човек не се врти кон мајка си, ниту кон својот проповедник, ниту кон капеланот. Своите неволји ѝ ги кажува на својата девојка.

Дезмондовата девојка беше убава, русокоса, сериозна и, како и самиот тој, посветена христијанка адвентистка. Се викаше Дороти Шат и потекнуваше од Ричмонд во Вирџинија. Беше едно од седумте деца на ветеран од Првата светска војна, кој останал инвалид, па семејството едвај преживуваше од неговата пензија. Дороти цврсто реши да стори нешто со својот живот. Сфати дека прво што мора да направи, е да стекне образование. Но за сè се неопходни пари. Додека сè уште беше во средно училиште, се вработи како колпортерка и продаваше адвентистички книги. Дезмонд ја запозна кога таа минуваше низ Линчберг. Тој и неговото семејство ѝ го укажаа вообичаеното јужњачко — а патем и адвентистичко — гостопримство, па едно саботно попладне ја изведоа на прошетка со автомобил.

Таа есен Дороти се запиша на вашингтонскиот мисионерски колеџ во Вашингтон, Ди-Си. Се издржуваше работејќи како слугинка во домот на некое вашингтонско семејство. Работата ја спречуваше да го почитува целокупниот училишен распоред, но не се жалеше. Се движеше кон својата цел.

Адвентистите сочинуваат блиска група, нешто слично на големо семејство, така што за Дезмонд беше совршено природно да продолжи да се интересира за оваа амбициозна мла-

да жена која решила да се школува. Беше таква девојка каква што сакаше, па реши да ја запознае подобро.

Дезмонд никогаш немаше девојка. Излегуваше со групи млади адвентисти, но никогаш ниту една девојка не го заинтересира. Реши својата љубов и нежност да ги зачува за онаа со која ќе се ожени. Наполни дваесет и две години пред да собере храброст да го закаже првиот состанок. Пред да стапи во војска, работеше на бродоградилиштето во Њупорт Њуз во Вирџинија за долар од час; имаше половен автомобил, што значи, беше богат. Едно саботно утро возеше повеќе од триста дваесет километри до Вашингтон, со надеж дека ќе ја сретне Дороти Шат.

Во мигот кога стигна, луѓето тукушто почнуваа да влегуваат на саботното богослужение кое се одржуваше во Колумбија Хол, мала црквичка во рамките на колеџот. Ја побара со поглед, но не ја виде. Најпосле богослужението почна, па влезе во капелата и си го зазеде местото. И тука, токму пред него, седеше Дороти! Се наведна нанапред и прошепоти едно „Здраво“, но таа го замолкна не вртејќи се. Возеше триста и дваесет километри само поради тоа „Шшшшш!“

По службата, браќата и сестрите се издвоија по групи надвор од црквичката и разговараа. Дороти стоеше со млада брачна двојка со која се познаваше. Дезмонд ѝ се придружи токму во мигот кога ја канеа на ручек.

„Таа ќе руча со мене!“, се издрдоре Дезмонд.

Дороти му дофрли брз поглед, но не го исправи. Тие навистина ручаа заедно, заедно го минаа целото попладне, и на крајот заедно вечераа.

Дезмонд беше добро познат како еден од младите црковни старешини. Тој и Дороти имаа неколку заеднички интереси и голем број заеднички пријатели, па разговорот никогаш не замираше. Имаше намера дента да се врати во Њупорт Њуз, но

таа мисла ја исфрли од својата глава. Сега ја пронајде неа. Остана на гости и неделниот ден исто така го помина со неа, сè додека не дојде време Дороти да почне да учи. Тој еден и единствен пат Дезмон не ја одобри совесноста. Но, Дороти рече дека ќе се радува повторно да го види, па Дезмонд пееше за време на целиот пат додека се враќаше назад до Њупорт Њуз.

Оттогаш Дезмонд патуваше секој втор викенд со својот автомобил во Вашингтон. По неколку посети, тој и Дороти излегоа заедно со уште една брачна двојка адвентисти. Дезмонд и Дороти седеа на задното седиште и, додека се возеа низ паркот Рок Крик, тој ја бакна. Имаше среќа што не му ја откина главата бидејќи многу се налути. Лицето ѝ се вцрви. Никогаш порано никој не ја бакнал. Како и Дезмонд, и таа ги чуваше својата љубов и нежност за оној за кого ќе се омажи.

Дезмонд го забележа нејзинот израз на лицето. „Те сакам“, рече набрзина. За прв пат тој ги изговори овие зборови. Со тие зборови бакнежот беше оправдан. Бидејќи, призна Дороти, и таа го сакаше него.

Сепак, тој не беше во ситуација да ја запроси. Расправаа за браковите што се склучуваат во време на војна и обајцата се противеа на тоа. Дезмонд знаеше дека секој час можат да го повикаат во војска. Кога стигна повикот од канцеларијата за регрутација, за последен пат ја посети во Вашингтон.

„Дали ќе ме чекаш?“, ја праша.

„Да, ќе те чекам“, му одговори. Тоа беа најубавите зборови што воопшто некогаш ги чул.

Го поминаа остатокот од последниот состанок, додека Дезмонд сè уште бил цивил, разговарајќи за животот што ќе го имаат по војната. И двајцата беа восхитени од тоа колку им се слични соништата. Ни еден од нив не посакуваше голема куќа, ниту богатство. Обајцата би биле задоволни со најскромниот дом сè додека тој дом е христијански. Решија да имаат семејно

богослужение секое утро и секоја вечер. И обајцата сакаа да имаат многу деца, да ги сакаат и да ги воспитуваат во христијанската вера.

Се разделија со солзи, но храбро. Двајцата беа сигурни дека постапија правилно.

Додека изминуваа самотните седмици во Форт Џексон, а Дезмонд сфаќаше дека неговиот јад се зголемува, па писмата што стигнуваа од Дороти стануваа сè поважни. Го охрабуваше да оди напред. Нејзината љубов спрема него беше единствената утеха во неговиот живот без пријатели. Ја замоли да дојде во Колумбија за викендот, и таа дојде. Престојуваше кај едно адвентистичко семејство, кое тој го запозна во црквата. Поминаа заедно топла и радосна сабота. Овој пат разделбата не беше толку лесна.

За продолжениот викенд за Четврти јули, Дезмонд тргна на долг пат со автобус до Ричмонд за да ја изненади. Кога стигна, дозна дека таа отпатувала во Колумбија за да го изненади него. Можеа со денови да продолжат да се разминуваат, па затоа Дезмонд остана таму каде што се најде. Во меѓувреме, Дороти дозна дека тој заминал за Ричмонд, па го фати првиот воз и се врати назад. Имаа уште два дена што можеа да ги поминат заедно.

Дороти и Дезмонд постепено сфатија дека не сакаат да чекаат да заврши војната. И двајцата им ги изнесоа своите проблеми на нивните проповедници и добија совет да постапат онака како што мислат дека е најдобро. Тоа беше одговорот што го посакуваа бидејќи сметаа дека е најдобро, како маж и жена, да го поминат секој момент што им беше на располагање. Дороти со мајка си ги започна подготовките за венчавката во нивната црква.

Меѓутоа, претпоставените на Дезмонд воопшто немаа намера на тој проблематичен адвентист да му дозволат да оди и

да се ожени. Никој не сакаше да му даде конечен одговор на барањето за отсуство. Очаен, Дезмонд му се обрати на врховниот командант на баталјонот, аѓутантот на полкот. Чекаше во чекалницата кога влезе командантот на полкот, полковникот Вилијам Х. Крег, со блескаво сребрените орли што го означуваа неговиот ранг. Тој беше највисокиот офицер што Дезмонд некогаш го видел и му изгледаше најопасен од сите.

„Можам ли да сторам нешто за вас, војнику?“, праша полковникот.

„Ако некој може, тогаш тоа сте вие“, му одговори Дезмонд, брзо додавајќи: „Господине! Сакам да се оженам!“

Полковникот ја сослуша Дезмондовата приказна и заклучи дека очигледно е искрен. Ја подигна телефонската слушалка и го повика медицинскиот баталјон.

„Зошто овој човек не може да се ожени?“, сакаше да слушне полковникот. „Кога маж ќе донесе одлука да стапи во брак, најдобро е да го пуштите да оди!“

Дезмонд го доби посакуваното отсуство. Тој и Дороти се венчаа во нејзината црква, а церемонијата беше тивка и скромна. Потоа Дороти се врати со него во Форт Џексон. Самото сознание дека таа е во близина, му го олесни поднесувањето на војничкиот живот.

## ВТОРА ГЛАВА

# „[...] ДА МОЖЕТЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ“

Громогласно и брзо се огласи звукот на трубата еден вторник наутро, во доцното лето. „Ајде“, грмеа наредниците, „станувајте од кревет. Денеска е големиот ден!“

„Не мора да нѐ потсетувате, нареднику“, застенка еден од војниците од Четата Б.

Со денови знаеја дека се подготвува тоа. Дојден беше денот. Четата излегуваше од бараката, веднаш по оброкот, за да тргне на својот долг марш; долг четириест километри, под полна опрема и со пушка. Маршот ќе заврши за осум часа, а тоа значеше дека во просек треба да минат пет километри на час. Тоа беше денот кога ќе се повлече границата меѓу момчињата и мажите.

„Ај, еве го Проповедникот“, извика еден од стрелците кога Дос го зазеде своето место во Вториот вод. „Како се случи денеска да не земеш дозвола да одиш во црква?“

„Ах, па за што се грижи тој воопшто?“, за’ржа друг човек. „И онака без пушка и без муниција ќе преживее во ладовина.“

Молчаливиот болничар широко се насмевна, но не се мачеше да им возврати. Двата платнени пакета со прва помош што ги носеше, беа речиси исто толку тешки како и пушката,

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.111(73)-312.6

ХЕРДНДОН, Бутон
Гребенот на спасените : еден од најголемите јунаци кој не испукал ниту еден куршум : вистинска животна сторија за Дезмонд Дос врз основа на која е снимен филм / Бутон Херндон ; [превод Мелита Томовска]. - Скопје : Знаци на времето, 2017. - 134 стр. ; 20 см

Превод на делото: Hero of Hacksaw Ridge / Booton Herndon

ISBN 978-9989-659-92-8
I. Herndon, Booton види Херндон, Бутон
а) Дос, Дезмонд (1919-2006) - Романизирани биографии
COBISS.MK-ID 103369738